20251352976

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕНЕРГЕТИКА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 27 јуни 2025 година.

Бр. 08-3701/1
27 јуни 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕНЕРГЕТИКА

Член 1

Во Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/25), во член 87 во ставот (12) по зборовите: „одобрение за градење” се додаваат зборовите: „или решение за изведување на градба односно поставување на опрема за кои не е потребно одобрение за градење”.

Член 2

Во член 88 во ставот (1) во воведната реченица зборовите: „одобрение за градење согласно закон, кое одобрение” се заменуваат со зборовите: „одобрение за градење или решение за изведување на градба односно поставување на опрема за кои не е потребно одобрение за градење, кое одобрение односно решение”.

Во точка 2. по зборовите: „на земјиште” се додаваат зборовите: „или објекти”.

Во став (2) во точката 1. по зборовите: „на земјиште” се додаваат зборовите: „или објекти”.

Во ставот (7) зборовите: „одобрение за градење согласно закон, кое одобрение” се заменуваат со зборовите: „одобрение за градење или решение за изведување на градба односно поставување на опрема за кои не е потребно одобрение за градење, кое одобрение односно решение”.

Член 3

Во член 297 во ставот (4) по зборовите: „постапката за менување на лиценцата“ се додаваат зборовите: „и усогласувањето на лиценцата согласно со одредбите од овој закон се врши без приложување на доказот од членот 74 став (14) од овој закон и без обврската за инсталирање на складишта на електрична енергија од членот 87 од овој закон“.

Член 4

Во член 298 во ставот (3) зборовите: „и привремена лиценца“ се заменуваат со зборовите: „и лиценца за пробна работа“.

Член 5

Во член 299 став (1) во алинејата 1, по зборовите: „одобрение за градење” се додаваат зборовите: „или решение за изведување на градба односно поставување на опрема за кои не е потребно одобрение за градење”.

По ставот (14) се додава нов став (15), кој гласи:

„(15) Одредбите од членот 87 ставови (17) и (18) од овој закон ќе започнат да се применуваат во рок од осум месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.”.

Ставовите (15) и (16) стануваат ставови (16) и (17).

Член 6

Во член 315 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Започнатите постапки по поднесени барања за издавање на овластување за изградба на нови енергетски објекти согласно со членот 52 од Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Македонија“ број 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24) пред Комисијата од ставот (2) на овој член ќе продолжат согласно со одредбите од Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Македонија“ број 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24).“

Член 7

Во членот 316 зборовите: „освен одредбите кои се однесуваат за правилникот за обновливи извори на енергија, уписот во регистарот на електроцентрали, мерките за поддршка на обновливите извори на енергија и издавањето на гаранциите за потекло и одредбите од членовите 297 ставови (1) и (7), 299 став (16), 311 став (3), 312 став (3), 313, 314 и 315 став (2) од овој закон“, се заменуваат со зборовите: „освен одредбите од членовите 185 и 185-а и одредбите кои се однесуваат на мерките за поддршка на обновливите извори на енергија и издавањето на гаранциите за потекло, кои ќе се применуваат до денот на влегувањето во сила на законот, со кој се уредуваат обновливите извори на енергија“.

Член 8

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.